triglav

Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 221-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 19.12.2024 година, за свикување на 65-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

**П О В И К**
**до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 29.01.2025 година (среда) со почеток во 09,00 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул.„8-ми Септември" бр.16 со следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**I. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел:**

1. Донесување на Одлука за избор на член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават на адреса бул.„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:

- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец  кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 28.01.2025 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со коресподенција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на прв кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. .„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје и на интернет страницата на друштвото: www.triglav.mk.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 39 став 1 точка 3 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на својата 65 седница, одржана на ден 29.01.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на член на Одборот на директори**
**на Триглав Осигурување АД, Скопје**

**Член 1**

За член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје се реизбира **г-дин Војдан Јорданов**, со адреса на живеење на ул.Славејко Арсов бр.94, Центар, Скопје, по професија магистер на науки за бизнис администрација, менаџмент на иновации.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот член на Одборот на директори трае четири години, почнувајќи од 01.04.2025 година.

**Член 3**

Другите членови на Одборот на директори продолжуваат со својата работа во Одборот на директори со постојниот мандат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОБРАНИЕТО**

_______________________




# Војдан Јорданов, MScBA

ул. Славејко Арсов бр. 94, 1000 Скопје, Р. Македонија

тел. +38970350620

е-маил vojdan.jordanov@triglav.mk

пол Машки | Дата на раѓање 20/03/1985 | Националност Македонец/Словенец


## РАБОТНО ИСКУСТВО

Период: 2021 – тековно

Работно место: **Извршен директор, извршен член на Одборот на директори**

Друштво/Организација: **ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, Скопје**

Главни активности и одговорности
Дејност или сектор

Управување со компанијата како еден од двата извршни директори, заедно со главниот извршен директор. Мојата улога вклучува општи одговорности за управување и надзор над сите операции на компанијата, но е посебно насочена кон оперативно управување со следните функции: Финансии и сметководство, Управување со ризик, Правни работи, ИТ, Актуаријат, Позадинско работење.

Триглав Осигурување АД, Скопје е најголемата компанија за осигурување на неживотни осигурувања во Македонија со 220 вработени. Групацијата Триглав е водечка групација за осигурување и финансии во регионот Адрија со операции во 6 земји, 53 компании и над 5.000 вработени.

Дејност или сектор: Неживотно осигурување

Период: 2019 – 2021

Работно место: **Претседател на Управен Одбор**

Друштво/Организација: **ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје**

Главни активности и одговорности

Како Претседател на Управниот одбор, бев одговорен за претставување на компанијата во сите аспекти, обезбедување на усогласеност, имплементација на стратегија, управување и секојдневни операции на компанијата. Мојата улога вклучуваше општи одговорности за управување и надзор над сите операции на компанијата, но беше посебно насочена кон оперативно управување со следните функции: Финансии и сметководство, Правни работи, ИТ, Управување со клиенти, Управување со ризик, Актуаријат.

Триглав Пензиско друштво АД Скопје е една од трите приватни компании кои управуваат со задолжителни и доброволни пензиски фондови во земјата. Мојата задача беше да ја основам компанијата и сите операции. Во моментот на моето заминување, компанијата имаше 22 вработени, функционираше во строго регулирана средина и имаше два брзо растечки пензиски фондови под управување.

Дејност или сектор: Управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови

| | |
|---|---|
| Период | 2012 - 2019 |
| Работно место | Управител |
| Друштво/Организација | **РСМ ИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** |
| Главни активности и одговорности | Управување со друштвото – одговорен за поставување на стратегијата, имплементација на политики, процедури и системи, односи со стратешки клиенти и партнери, координација на тимови и вработени, деловен развој, планирање и буџетирање.<br><br>РСМ Македонија е компанија во локална сопственост за ревизорски, даночни и консултантски услуги, член на мрежата РСМ. Со две правни лица, РСМ во Македонија во времето на моето заминување имаше речиси 40 вработени и канцеларии во 3 градови во Македонија. РСМ Интернационал е шестиот најголем глобален провајдер на ревизорски, даночни и консултантски услуги со операции во повеќе од 120 земји и над 57.000 вработени. |
| Дејност или сектор | Сметководство, пресметка на плати, процесирање на податоци, ИТ услуги |

| | |
|---|---|
| Период | 2006 – 2019 |
| Последно работно место | Партнер, Раководител за деловен развој |
| Друштво/Организација | **РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** |
| Главни активности и одговорности | **Во рамки на ревизија**<br>• Координација на стандардизацијата на процедурите, актите и правилниците за работење на РСМ Македонија во согласност со IAS и IFRS<br>• Одговорен за односи со клиентите и планирање на тимот<br>• Спроведување на ревизорски ангажмани, почнувајќи како помлад ревизор и до партнер, што опфаќа управување со целосни ревизорски ангажмани за мали, средни и големи претпријатија и организации во различни сектори<br>• Имплементација на процедури за контрола на квалитет<br><br>**Други одговорности**<br>• Раководител за деловен развој – стратешко планирање, пазарни истражувања и анализи, буџетирање, партнер одговорен за меѓународна комуникација – односи со меѓународни стратешки партнери<br>• Раководител на секторот за ИТ и процесирање на податоци<br>• Имплементација и надзор над спроведување на сметководствени политики<br>• Партнер за ангажмани на процена (овластен проценител), ангажмани за длабинска анализа, судски вештачења (овластен судски вештак)<br><br>РСМ Македонија е компанија во локална сопственост за ревизорски, даночни и консултантски услуги, член на мрежата РСМ. Со две правни лица, РСМ во Македонија во времето на моето заминување имаше речиси 40 вработени и канцеларии во 3 градови во Македонија. РСМ Интернационал е шестиот најголем глобален провајдер на ревизорски, даночни и консултантски услуги со операции во повеќе од 120 земји и над 57.000 вработени. |
| Дејност или сектор | Ревизија, сметководство, финансии, ИТ и процесирање на податоци, пресметка на плати, процена, вештачење |

| | |
|---|---|
| Период | 2015 – 2020 |
| Работно место | Управител |
| Друштво/Организација | БТ СОЛУШНС ЛИМИТЕД ПОДРУЖНИЦА ВО СКОПЈЕ (дел од групацијата на Бритиш Телеком) |
| Главни активности и одговорности | Одговорен за локална законска и даночна усогласеност на подружницата. Контрола и потписнички права над обврските и договорите на подружницата. |
| Дејност или сектор | Телекомуникации |

| | |
|---|---|
| Период | 2017 – 2020 |
| Работно место | **Управител** |
| Друштво/Организација | ХЕЛИОС ТЕЦХНОЛОГИЕС ИНЦ ДООЕЛ Скопје |
| Главни активности и одговорности | Одговорен за локална законска и даночна усогласеност на друштвото. Контрола и потписнички права над обврските и договорите на друштвото. |
| Дејност или сектор | Развој на софтвер |

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| | |
|---|---|
| Период | 2008 – 2010 |
| Квалификација | **Магистер на Науки за Бизнис Администрација, Менаџмент на Иновации** |
| Институција | Школа за менаџмент Ротердам, Универзитет Еразмус, Ротердам, Холандија (Rotterdam School of Management, Erasmus University, Rotterdam, The Netherlands) |
| Главни предмети | Стратегиски менаџмент за иновации, Организација за иновации, Деловно планирање |

| | |
|---|---|
| Период | 2003 – 2008 |
| Квалификација | **Дипломиран економист – насока: Маркетинг менаџмент** |
| Институција | Економски факултет, Универзитет во Љубљана, Љубљана, Словенија |
| Главни предмети | Микроекономија, Макроекономија, Маркетинг, Менаџмент |

| | |
|---|---|
| Период | 2006 – 2007 |
| Квалификација | **Студент на размена на Бизнис Мастер / Мастер на менаџмент** |
| Институција | Меѓународна школа за економија и технологија/Меѓународна школа за дизајн, Тулон, Франција (Ecole Supérieure de Commerce et Technologie/Ecole Internationale de Design, Toulon, France) |
| Главни предмети | Стратегиски менаџмент и организациско однесување, Менаџмент за дизајн |

| | |
|---|---|
| Период | 1999 – 2003 |
| Квалификација | **Матура** |
| Институција | СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ – Скопје, Македонија |
| Главни предмети | Природни науки и математика |

## ЛИЧНИ ВЕШТИНИ

Мајчин јазик: Македонски

Останати јазици

| | РАЗБИРАЊЕ | | ГОВОР | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | Читање | Говорна интеракција | Говорна продукција | |
| Словенечки | C2 | C2 | C2 | C2 | C2 |
| Англиски | C2 | C2 | C2 | C2 | C2 |
| Српско - Хрватски | C1 | C1 | C1 | C1 | C1 |

© European Union, 2002-2018 | europass.cedefop.europa.eu

**Комуникациски вештини**

Во моите неколку менаџерски улоги стекнав практично искуство во комуникација во различни средини и преку различни канали на комуникација. Поради тоа што сум дел од поголема меѓународна група, често комуницирам со менаџери на високо ниво, директори и раководители во групата, што ми овозможи да развијам чувство за комуникација во сложена средина со повеќе актери и донесувачи на одлуки. Надворешно, често комуницирам со различни заинтересирани страни на компанијата, што ми овозможи да ги развијам моите комуникациски способности со различни профили на луѓе, институции и медиуми.

Моите претходни одговорности во РСМ во функции како што се развој на бизнис, стратешки партнерства, меѓународни контакти и управување со клиенти, ме подготвија да комуницирам професионално во различни средини. Работата во меѓународна средина ми овозможи често да комуницирам за значајни прашања со донесувачи на одлуки од меѓународни клиенти, мрежата РСМ или други стратешки партнери.

Како ревизор, имав можност да ги подобрам моите комуникациски вештини работеејќи со различни профили на луѓе на редовни задачи поврзани со ревизија, а како Меѓународен контакт партнер имав можност да придонесам во стратешките дискусии и донесувањето одлуки во РСМ Глобал.

**Организациски / Управувачки вештини**

Преку напредокот на менаџерските улоги во мојата кариера, стекнав значајно знаење и вештини за управување со организации и тимови. Во моментот ја обавувам извршната улога во компанија со 220 вработени и добро дефинирана хиерархиска структура, што бара структуриран менаџерски пристап и разбирање на сложени организациски и човечки мрежи. Тековната улога ми овозможи да работам на унапредување на хоризонталната и вертикалната комуникација, управување со проекти преку повеќе организациски единици, управување со промени и други организациски предизвици.

Во моите претходни улоги во  Триглав Пензиско друштво АД Скопје и РСМ Македонија, стекнав искуство во водење тимови од помалку од 50 луѓе, со побрз пристап во водење и организирање. Во двете компании, задачата ми беше да воспоставам сосема нови операции. Во РСМ Македонија, ова значеше воспоставување на нови служби и развој на нови услуги, додека во  Триглав Пензиско друштво АД Скопје значеше основање на компанијата од нула. Во двете компании развив значајни менаџерски и вештини за организациски развој, вклучувајќи воспоставување политики, процедури, нови структури, имплементација на алатки и процеси.

**Вештини поврзани со работата**

Напредни вештини и знаења во областа на финансиите развиени преку работното искуство, како и преку процесите за сертификација за овластен ревизор, проценител, вештак и овластен сметководител.

**Дигитални вештини**

| САМО-ПРОЦЕНКА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Процесирање на информации | Комуникација | Креирање на содржини | Безбедност | Решавање на проблеми |
| Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник |

Напреден корисник на пакетот Office, а особено на MS Excel. Независен корисник на програмирање во VBA.

Независен корисник на повеќе ЕРП софтвери (Microsoft Navision, Oracle Netsuite, Datalab Pantheon, Zonel Helix).

Независен корисник на ревизорски софтвер CaseWare.

Независен корисник на ИН2 софтверот за управување со пензиски и инвестициски фондови.

Добри познавања на софтвери за графички дизајн и обработка на фотографии.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Проекти и други ангажмани**

Основач и претседател на Асоцијацијата на словеначки и македонски стопанственици во Скопје.

Основач и член на Инвестицискиот Одбор на Деловен Акцелератор УКИМ – друштво создадено за поддршка и финансирање на македонски старт-ап друштва, основано од четири основачи, меѓу кои е и најголемиот универзитет во Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Генерален секретар во Македонскиот Институт на Директори – Скопје, организација воспоставена за промоција и развој на добро корпоративно управување во Македонија и пошироко.

**Сертификати/Лиценци**

Овластен ревизор
Овластен сметководител
Лиценца за вештачење од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење
Овластен проценител од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица
Овластен проценител од областа на индустриска сопственост
Овластен проценител од областа на машини и опрема

**Возачка дозвола**

Категорија А и Б